**20130962304**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Врз основа на член 79 точката 8) од Законот за приватно обезбедување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 166/12), министерот за внатрешни работи донесе

# П Р А В И Л Н И К ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАСЦИТЕ НА ПОТВРДИТЕ ЗА УСПЕШНО ЗАВРШЕНА ДРЕСУРА НА ДРЕСИРАНО КУЧЕ, УСПЕШНО ЗАВРШЕНО ОБУКА ЗА УПОТРЕБА НА ДРЕСИРАНО КУЧЕ, ИЗВРШЕНА ПРОВЕРКА НА НИВОТО НА РАБОТНАТА СПОСОБНОСТ НА ДРЕСИРАНО КУЧЕ НАБАВЕНО ОД СТРАНСТВО И ЗА ПРОВЕРКА НА РАБОТНАТА СПОСОБНОСТ НА ДРЕСИРАНО КУЧЕ КОЕ ВРШИ РАБОТИ НА ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на обрасците на потврдите за успешно завршена дресура на дресирано куче, успешно завршено обука за употреба на дресирано куче, извршена проверка на нивото на работната способност на дресирано куче набавено од странство и за проверка на работната способност на дресирано куче кое врши работи на приватно обезбедување.

Член 2

(1) Потврдата за успешно завршена дресура на дресирано куче се издава на образец кој се печати на хартија во бела боја со димензии 210 х 297 милиметри.

(2) Потврдата од ставот (1) на овој член содржи: грб и име на Република Македонија; назив на Министерството за внатрешни работи; број, датум и место на издавање на потврдата; податоци за кучето над кое е спроведена дресура; датумот на отпочнување и завршување на дресурата над кучето; назив на правното лице за приватно обезбедување кое е сопственик на кучето; место за печат и потпис на овластеното лице.

(3) Образецот на потврдата од ставот (1) на овој член е даден во Прилог број 1, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

(1) Потврдата за успешно завршено обука за употреба на дресирано куче се издава на образец кој се печати на хартија во бела боја со димензии 210 х 297 милиметри.

(2) Потврдата од ставот (1) на овој член содржи: назив на Министерството за внатрешни работи или називот на друга овластена институција; број, датум и место на издавање на потврдата; податоци за лицето кое успешно завршило обука за употреба на дресирано куче; датумот на отпочнување и завршување на обуката за употреба на дресирано куче; место за печат и потпис на овластеното лице.

(3) Образецот на потврдата од ставот (1) на овој член е даден во Прилог број 2, кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

(1) Потврдата за извршена проверка на нивото на работната способност на дресирано куче набавено од странство се издава на образец кој се печати на хартија во бела боја со димензии 210 х 297 милиметри.

(2) Потврдата од ставот (1) на овој член содржи: грб и имена Република Македонија; назив на Министерството за внатрешни работи; број, датум и место на издавање на потврдата; податоци за кучето над кое е извршена проверка на нивото на работната способност, кое е набавено во странство; назив на државата од која е набавено кучето; назив на правното лице за приватно обезбедување кое е сопственик на кучето; место за печат и потпис на овластеното лице.

(3) Образецот на потврдата од ставот (1) на овој член е даден во Прилог број 3, кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

(1) Потврдата за проверка на работната способност на дресирано куче кое врши работи на приватно обезбедување се издава на образец кој се печати на хартија во бела боја со димензии 210 x 297 милиметри.

(2) Потврдата од ставот (1) на овој член содржи: грб и имена Република Македонија; назив на Министерството за внатрешни работи; број, датум и место на издавање на потврдата; податоци за кучето над кое е извршена проверка на нивото на работната способност, кое врши работи на приватно обезбедување; податок за календарската година за које е извршена проверка на работната способност на кучето; назив на правното лице за приватно обезбедување кое е сопственик на кучето; место за печат и потпис на овластеното лице.

(3) Образецот на потврдата од ставот (1) на овој член е даден во Прилог број 4, кој е составен дел на овој правилник.

Член 6

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 12.1-41964/1 | Министер |
| 2 јули 2013 година | за внатрешни работи, |
| Скопје | м-р **Гордана Јанкулоска,** с.р. |

**Прилог број 1**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
**Број ___________________**

________________________
(датум на издавањето)

________________________
(место)

Врз основа на член 56 став (2) од Законот за приватно обезбедување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 166/12), Министерството за внатрешни работи издава

**П О Т В Р Д А**

По спроведена дресура на кучето__________________________________,
(податоци за кучето)
во период од ________ година до __________година, кое е во сопственост на
______________________________________________________________________
(назив на правното лице за приватно обезбедување)

од страна на Министерството за внатрешни работи се

**ПОТВРДУВА**
**УСПЕШНО ЗАВРШЕНА ДРЕСУРА НА КУЧЕТО**

**МП**

**ПОТПИС НА**
**ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ**

___________________________

**Прилог број 2**

______________________________________________

**(Министерство за внатрешни работи или назив на друга овластена институција)**

**Број** ____________________

____________________

(датум на издавањето)

____________________

(место)

Врз основа на член 56 став (2) од Законот за приватно обезбедување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 166/12), се издава

**П О Т В Р Д А**

Лицето

______________________________________________

(име и презиме на лицето)

родено на ________________________ година во ______________, со адреса на живеење во ______________________________________, со број на лична карта ____________, кое се обучуваше во период од __________ година до ________ година од страна на______________________________________________

(Министерство за внатрешни работи или друга овластена институција)

се

**ПОТВРДУВА**
**УСПЕШНО ЗАВРШЕНА ОБУКА**
**ЗА УПОТРЕБА НА ДРЕСИРАНО КУЧЕ**

**МП**

**ПОТПИС НА ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ**

__________________________

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** **Прилог број 3**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
**Број__________________**

______________________
(датум на издавањето)

______________________
(место)

Врз основа на член 56 став (3) од Законот за приватно обезбедување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 166/12), Министерството за внатрешни работи издава

## П О Т В Р Д А

По спроведена проверка на дресирано куче________________________
______________________________________________________________
(податоци за кучето)
набавено во _______________________________________ сопственост на ____
(назив на државата во које е набавено дресираното куче)
______________________________________________________________
(назив на правното лице за приватно обезбедување)

од страна на Министерството за внатрешни работи се

**ПОТВРДУВА**
**УСПЕШНО ИЗВРШЕНА ПРОВЕРКА НА НИВОТО НА РАБОТНАТА СПОСОБНОСТ НА ДРЕСИРАНО КУЧЕ НАБАВЕНО ОД СТРАНСТВО**

**МП** **ПОТПИС НА ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ**

________________________

**Прилог број 4**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
**Број___________________**

_______________________
(датум на издавањето)

______________________
(место)

Врз основа на член 56 став (4) од Законот за приватно обезбедување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 166/12), Министерството за внатрешни работи издава

**П О Т В Р Д А**

По спроведена проверка на дресирано куче_________________________
____________________________________________________________________,
(податоци за кучето)
за календарската ________ година, сопственост на________________________
____________________________________________________________________
(назив на правното лице за приватно обезбедување)

од страна на Министерството за внатрешни работи се

**ПОТВРДУВА**
**УСПЕШНО ИЗВРШЕНА ПРОВЕРКА НА РАБОТНАТА СПОСОБНОСТ НА ДРЕСИРАНО КУЧЕ КОЕ ВРШИ РАБОТИ НА ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ**

**МП**

**ПОТПИС НА ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ**

__________________________